МОЈОТ ГЛАС ВО МОЈОТ ГРАД

---

**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА ДИЗАЈН РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВОЈ НА AI АЛАТКА**

**Сакаш да влијаеш на тоа како ќе изгледаат дигиталните алатки за млади? Вклучи се и креирај решение што ќе се користи во реалноста!**

Центарот за интеркултурен дијалог (CID) ве поканува на дизајн работилница што ќе се одржи во MultiКулти во Куманово, во рамки на проектот „ Мојот глас во мојот град “, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Доколку си млад/а, младински координатор или претставник/чка на граѓанска организација и сакаш да придонесеш во креирање на дигитални решенија – ова е можност за тебе!

**Што ќе правиме?**
Преку ко-креативен процес, заедно ќе работиме на дизајн на дигитален интерфејс за AI алатка наменета за младите.

На работилницата ќе имаш можност да:

- учествуваш во креирање на изгледот и функционалностите на алатката
- предложиш идеи за полесно изразување на мислења и иницијативи
- придонесеш кон создавање едноставен, интуитивен и пристапен систем
- работиш во тим со други млади

**Кој може да се пријави?**

- Млади (15–30 години)
- Младински координатори
- Претставници на граѓански организации

**Што добиваш?**

- Практично искуство во дизајн и ко-креација
- Можност твоите идеи да станат дел од реална дигитална алатка
- Работа во инспиративна и интерактивна средина

**Каде / Кога?**
MultiКулти, Куманово 07.05.2026

**Број на учесници:**
20 учесници

**Како да се пријавиш?**
Сите апликации треба да се испратат на info@cid.mk најдоцна до 29.04.2026

Не ја пропуштај можноста да бидеш дел од процес кој ги поврзува младите, технологијата и креирањето на решенија за подобра заедница.

Се гледаме!

---

Содржината на овој повик е единствена одговорност на **Центар за интеркултурен дијалог** и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.